# THE IMPACT AND THE ROLE OF THE SMALL AND MEDIUM ENTERPRISES ON THE EMPLOYMENT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Snezana Bardarova**
Faculty of tourism and Business logistics, University Goce Delcev-Stip, Republic of Macedonia
snezana.bardarova@ugd.edu.mk
**Marija Magdincheva-Shopova**
Faculty of tourism and Business logistics, University Goce Delcev-Stip, Republic of Macedonia
marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Monika Markovska**
Faculty of Information and Communication Technologies, University "St. Kliment Ohridski" - Bitola, Republic of Macedonia, monika.markovska@fikt.edu.mk
**Bozhidar Milenkovski**
Faculty of Information and Communication Technologies, University "St. Kliment Ohridski" - Bitola, Republic of Macedonia, 20@uklo.edu.mk

**Abstract:** Current developments in the global and national economics point to a number of problems faced by real entities in the real sector, and as a special area of interest for the scientific public there is a need to provide conditions for the smooth running of the reproduction processes in the enterprise and the realization the positive results of the operation. Enterprises are drivers of inclusive economic growth in the Republic of Macedonia and in creating productive and sustainable jobs.

The new conception of the small enterprise as a carrier and engine of economic development is quite persuasive with its economic logic and reaffirms the small enterprise as a significant economic sector. The activities within the small enterprises are aimed at intensifying the results of the work by achieving a balance between objective possibilities and good working principles. The monitoring of the small enterprise, through the prism of its influence on economic growth and development, rejects the traditional view for small enterprises as security guards.

The SME sector is a driver of inclusive economic growth in Macedonia and the creation of sustainable jobs increasing productivity. It also does not agree with the notion that small enterprises are economically inefficient organisms.

With the third technological revolution in the countries with a developed market economy, the domination of the so-called. small economy, that is, the sector of small and medium enterprises. Today, small enterprises have a growing number of supporters who believe that small enterprises are carriers of innovation and entrepreneurship and are able to react quickly to changes in the environment. For years, the Republic of Macedonia has faced a high rate (29%, June 2013) of general unemployment, which remains a key challenge for stabilizing the economic and social development of the country. The subject of research in this paper is focused on conducting analysis of the active enterprises in the Republic of Macedonia by size, by sector and by number of employees, as well as analysis of the activity of the population and employment by sectors and by type of ownership of the enterprise in the period from 2013-2017.

**Keywords:** small enterprise, economy, employment, population activity.

# ВЛИЈАНИЕТО И УЛОГАТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈА ВРЗ ВРАБОТЕНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Снежана Брдарова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет Гоце Делчев – Штип, Република Македонија marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Марија Магдинчева-Шопова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет Гоце Делчев – Штип, Република Македонија marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Моника Марковска**
Факултет за информатички и комуникациски технологии, Универзитет "Св.Климент Охридски" –

Битола, Република Македонија monika.markovska@fikt.edu.mk
**Божидар Миленковски**
Факултет за информатички и комуникациски технологии, Универзитет "Св.Климент Охридски" – Битола, Република Македонија 20@uklo.edu.mk

**Апстракт:** Тековните состојби во глобалната и националната економија укажуваат на бројни проблеми со коишто се соочуваат правните ентитети од реалниот сектор, па како посебна област на интерес за научната јавност се наметнува потребата од обезбедување на услови за непречено одвивање на процесите на репродукција во претпријатието и остварување на позитивни резултати од работењето. Претпријатијата се двигатели на инклузивниот економски раст во Република Македонија и во создавањето на продуктивни и одржливи работни места.
Новата концепција за малото претпријатие како носител и мотор на стопанскиот развој е прилично уверлива со својата економска логика и го реафирмира малото претпријатие како значаен економски сектор. Активностите во рамките на малите претпријатија, се насочени кон интензивирање на резултатите од работењето со постигнување на рамнотежа меѓу објективните можности и добрите принципи на работењето. Набљудувањето на малото претпријатие,низ призмата на неговото влијание врз стопанскиот раст и развој, го отфрла традиционалното гледање за малите претпријатија како чувари на конкуренцијата.Секторот на мали и средни претпријатија претставува двигател на инклузивниот економски раст во Македонија и во создавањето на одржливи работни места и зголемување на продуктивноста.Тоа, исто така, не се сложува со сфаќањето дека малите претпријатија се економски неефикасни организми.
Со третата технолошка револуција во земјите со развиена пазарна економија започнува доминацијата на т.н. мало стопанство, односно секторот на мали и средни претпријатија. Денес, малите претпријатија имаат се` поголем број приврзаници, кои сметаат дека малите претпријатија се носители на иновативноста и претприемништво и се способни брзо да реагираат на промените во окружувањето. Република Македонија со години наназад се соочува со висока стапка (29%, Јуни 2013) на општа невработеност која останува да биде клучен предизвик за стабилизирање на економскиот и социјалниот развој на земјата. Предметот на истражување во овој труд е фокусиран кон спроведување на анализа на активните претпријатија во Република Македонија по големина, по сектори и според бројот на вработените, како и анализа на активноста на населението и вработеноста по сектори и по видот на сопственоста на претпријатието во периодот од 2013-2017 година.
**Клучни зборови**: мало претпријатие, стопанство, вработеност, активност на население

## 1. ВОВЕД

Тековните состојби во глобалната и националната економија укажуваат на бројни промени со коишто се соочуваат правните субекти од реалниот сектор, па како посебна област на интерес за економистите се наметнува потребата од обезбедување на услови за непречено одвивање на процесите на репродукција во претпријатието и остварување на позитивни резултати од работењето во рамки на националната економија. Претпријатијата претставуваат базични институции на пазарната економија. Процесот на создавање вредности во пазарната економија се остварува преку активноста на голем број претпријатија.
Претпријатијата претставуваат најефикасен облик за обавување на стопански активности, па оттука сосема е разбирливо зошто најголемиот дел од новосоздадената вредност во националните економии се реализира преку работењето на претпријатијата. Деловните субјекти, како значајни носители на економската активност, всушност, се од пресудно значење за развојот на националната економија, а во македонското стопанство нивното основање и функционирање е регулирано со Законот за трговски друштва. [23] Скорешните настани поврзани со економската криза потврдија дека реалниот сектор односно секотор на мали и средни претпријатија се соочува со соодветни негативни влијанија во опкружувањето. Кризата укажа на ограничувањето на главните деловни политики, со што се дадоа јасни знаци за потребата од поголеми економски и финансиски реформи, нови пристапи кон стратегиите за развој и подобра рамнотежа меѓу вложувањата и резултатите од работењето. Како неминовност се наметна потребата од нови патеки за развој, како и реориентирање на работењето на претпријатијата кон посоодветни, поодржливи и поинклузивни стратегии, стратегии кои првенствено ќе ги мобилизираат внатрешните ресурси за раст. Голем број на претпријатија кои дејствуваат на подрачјето на Република Македонија се соочија со сериозни

[23] Закон за трговски друштва, Службен весник на Р.М. бр. 28/04.

проблеми во работењето, особено во реализацијата на своето производство на пазарот, што соодветно влијаеше и на состојбата од аспект на бројот на вработени во истите. Тоа ја наметна потребата од соодветн насоченост на менаџментот на претпријатијата кон интензивирање на резултатите од работењето и постигнување на рамнотежа меѓу објективните можности и добрите принципи на работењето. Анализата на малите претпријатија преку нивното влијание врз стопанскиот развој изразено преку реални показатели за вработувањето во овој сектор, ги отфрла традиционалните размислувања за тоа дека секторот на МСП во Република Македонија ја збогатува конкуренцијата помеѓу деловните субјекти.

## 2. ВИД НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Реалниот сектор на Република Македонија има несомнено значајна улога во националната економија. Неговиот позитивниот придонес првенствено се согледува во формирањето на бруто домашниот производ на Република Македонија. Растот на додадената вредност кај сите дејности од домашниот реален сектор е повеќе од евидентен во целиот набљудуван период. Ваквата појава има позитивно влијание и согласно тоа придонесува за позитивни промени на конкурентската способност на реалниот сектор на Република Македонија. Исто така, реалниот сектор на Република Македонија има позитивен придонес за движењата на пазарот на трудот, придонесувајќи за формирањето на расположливиот доход на населението преку растот на бројот на вработените и просечната месечна исплатена плата. Во современото стопанство постојат голем број различни претпријатија, кои меѓусебно се разликуваат по бројни обележја. Овие различни видови на претпријатија ја сочинуваат структурата на претпријатијата во една национална економија. Во Република Македонија малите и средни деловни субјекти, најчесто, се организирани во организационен облик како Друштво основано од едно лице односно во кратка форма-ДООЕЛ или Друштво со ограничена одговорност односно со скратен назив ДОО. За разлика од големите корпорации, каде што сопственичката структура е поделена во стотици, па дури и илјадници акционери, МСП се во сопственост и управувани од страна на една иста личност, и како резултат на тоа применетиот менаџерски стил има тенденција да биде од неформална природа.[24] Всушност, фирмата е истовремено е контролирана и управувана од истото лице што, всушност, е и еден од главните аспекти што ги води МСП кон успех или неуспех.[25]

Според детерминирањето на малите и средни претпријатија треба да се каже дека карактеристични типа на МСП што се присутни во секоја стопанска структура се:

- ✓ традиционален тип на мали и средни претпријатија во коишто спаѓаат фирмите од областа на занаетчиството, трговијата, угостителството и градежништвото;
- ✓ субконтракторски тип на претпријатија што ги опфаќа фирмите поврзани во синџирот на производство, на пример, добавувачи на суровини, делови и други производи што се монтираат во рамките на големите компании и
- ✓ современ тип на претпријатија кои се високо инвентивни, а припаѓаат во областа на информатиката, комуникациите, електрониката

Поаѓајќи од фактот дека малите и средни претпријатија се хетерогена група на претпријатија не може да се определи единствен критериум односно единствена комбинација на критериуми преку кои ќе се определи поимното определување и дефинирање на малите претпријатија. Како основни позитивни карактеристики на малите и средни претпријатија се наведуваат:[26]

- ✓ поголемата флексибилност и зголемен капацитет на реакција за прилагодување на промените на пазарот;
- ✓ брзо и навремено донесување на одлуки;
- ✓ едноставна и ниска хиерархиска структура;
- ✓ непосредна контрола;
- ✓ подобар пристап до информациите на пазарот
- ✓ можност за постојана иновација и воведување нови производи на пазарот, услуги или промоции без премногу ризик, што не е случај со големите компании кои имаат сложена организациска струтура и широка производствена програма и
- ✓ зголемена способност за поправка на грешките.

Покрај позитивните карактеристики, организационата форма на МСП се поврзува со следните

[24] Beaver, G. "Strategy and management in the smaller enterprise", Strategic Change, Vol. 11 (4), p.175-181, 2002.
[25] Ghobadian, A., O'Regan, N. "The impact of ownership on small firm behaviour and performance", International Small Business Journal, Vol. 24 (6), p .555-586, 2006.
[26] Томаш Р., "Primijenjena mikroekonomija", Економски факултет- Бања Лука, 2010.

негативни карактеристи:

- ✓ недостиг на обртен капитал и тежок пристап до финансиски средства,
- ✓ недостиг на специјализација;
- ✓ недостиг на ефективен менаџмент;
- ✓ тешкотии при мобилзирањето на високостручни човечи ресурси;
- ✓ недиверзифицирано проектно портфолио и
- ✓ потежок пробив на меѓународен пазар.

Структурните пореметувања предизвикани со смалување на учеството на одредени видови претпријатија во стопанството битно влијаат врз неговата економска ефикасност и развој. Доколку се намали бројот на малите и средните претпријатија тоа негативно ќе влијае врз флексибилноста и адаптибилноста на националната економија. Исто така, при отсуство на големи претпријатија не може да се очекува позначаен развој. Оттука произлегува дека на секоја здрава економија и се потребни претпријатија со различна големина во сите сектори на економијата.

Поттикнувањето на развојот на малите и средни претпријатија во Р.Македонија е интегрален процес што се состои од две нивоа, и тоа:[27] макро ниво - коешто опфаќа стратегиско ниво (политика, финансиска поддршка и друго) и институционално ниво и микро ниво - ниво на деловен субјект.

За стратегиското ниво директно е одговорна Владата, што подразбира креирање економски политики и бизнис амбиент во насока на развој на претприемаштвото а за микро нивото менаџментот на претпријатието.

## 3. АНАЛИЗА НА ВРАБОТЕНОСТА СПОРЕД ВИД НА ПРЕТПРИЈАТИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Структурата на претпријатијата во националната економија од аспект на нивната големина е од големо значење за нејзиното функционирање. Имајќи го предвид големото значење на дифернцирање на претпријатијата според големината, како и проблемот на избор на одделни индикатори, во практиката се користат различни индикатори за големина за претпријатија во различни сектори или комбинација на повеќе индикатори.

Класификацијата на деловните субјекти во Р. Македонија, според нивната големина, се врши во согласност со ревидираната дефиниција на Европската комисија од мај 2003 година, така што се земаат предвид следниве критериуми: бројот на вработени, обртот на средствата или билансната состојба.

Според големината на претпријатијата, на само 0,8% од вкупниот број субјекти од реалниот сектор кои доставиле завршни сметки во Централниот регистар се класифицирани како големи правни лица, додека малите и микро субјектите се далеку најбројни, заедно опфаќајќи 98,1% од правните лица. Од друга страна, во големите претпријатија (0.3%) се ангажирани 24.4% од вкупниот број на вработени, со остварени 34.5% од вкупната додадена вредност во рамките на деловниот сектор.[28] Во табела број1 прикажани се податоците за број на вработени во претпријатијата во приватна сопственост и број на вработени во претпријатија во друг вид сопственост(мешовита, задружна, државна, недефинирана), а во табела број 2 и табела број 3 даден е приказ на структурата на претпријатијата според сопственоста и економскиот статус изразено во %.

***Табела број 1-Вработени според видот на сопственоста на деловниот субјект и економскиот статус, 2017***

| Економски статус | Вкупно | Сопственост на деловните субјекти | |
|---|---|---|---|
| | | приватна | друга1) |
| **Вкупно** | **740 648** | **570 764** | **169 884** |
| Вработен | 564 964 | 395 079 | 169 884 |
| Работодавец | 33239 | 33239 | - |
| Вработен за сопствена сметка | 95475 | 95475 | - |
| Неплатен семеен работник | 46970 | 46970 | - |

Извор:www.stat.gov.mk

[27] Види пошироко: група автори, "Малите претпријатија во развојот на стопанството на Република Македонија", Економски институт - Скопје, 2002.
[28] www.stat.gov.mk

*Табела број 2- Структура на претпријатијата според сопственоста во %*

| Вкупно | 100.0 | 77.1 | 22.9 |
|---|---|---|---|
| Вработен | 100.0 | 69.9 | 30.1 |
| Работодавец | 100.0 | 100.0 | - |
| Вработен за сопствена сметка | 100.0 | 100.0 | - |
| Неплатен семеен работник | 100.0 | 100.0 | - |

Извор:www.stat.gov.mk

*Табела број 3- Структура на претпријатијата според економскиот статус во %*

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **100.0** | **100.0** | **100.0** |
| Вработен | 76.3 | 69.2 | 100.0 |
| Работодавец | 4.5 | 5.8 | - |
| Вработен за сопствена сметка | 12.9 | 16.7 | - |
| Неплатен семеен работник | 6.3 | 8.2 | - |

Извор:www.stat.gov.mk

*Табела број 4 -Бројот на вработени и невработени во Р. Македонија во период 2013-2017 година*

| | Population | total | employed | unemployed | activity | employment rate | unemployment rate |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | 1,672,460 | 956,057 | 678.838 | 277,219 | 57.2 | 40.6 | 29.0 |
| 2014 | 1,673,494 | 958,998 | 690,188 | 268,810 | 57.3 | 41.2 | 28.0 |
| 2015 | 1,676,659 | 954,924 | 705,991 | 248,933 | 57.0 | 42.1 | 26.1 |
| 2016 | 1,678,890 | 948,599 | 723,550 | 225,049 | 56.5 | 43.1 | 23.7 |
| 2017 K-1 | 1,679,462 | 952.644 | 734,043 | 218,601 | 56.7 | 43.7 | 22.9 |
| 2017 K-2 | 1,679,525 | 955.699 | 739,892 | 215,807 | 56.9 | 44.1 | 22.6 |

Извор:www.stat.gov.mk

Од извршената анализа за трендот на вработеноста во Р.Македонија за период 2013-2017 година и прикажаните податоци во табела број 4 за број на вработени и невработени во Република Македонија во период 2013-2017 година, се констатира дека е забележлив тренд на постојан пораст на стапката на вработеност, која во 2013 година изнесувала 40.6%, за да во вториот квартал на 2017 година се искачи на 44.1% и е највисока стапка на вработеност во анализираниот период.
Од друга страна, стапката на невработеност бележи постојан пад за време на анализираниот период и истата во 2013 година била највисока и изнесувала 29%, а во вториот квартал од 2017 година достигна најниско ниво од 22.6%. Стапката на активност за време на целиот анализиран период се движи околу 57%.

## 4.ЗАКЛУЧОК

Секторот на мали и средни претпријатија претставува двигател на инклузивниот економски раст во Република Македонија во создавањето на одржливи работни места и зголемување на продуктивноста. Претпријатијата произведуваат за задоволување на потребите на аутсајдерите.[29] Позитивниот придонес се согледува во формирањето на бруто домашниот производ на Република Македонија и растот на додадената вредност кај сите дејности од домашниот реален сектор што се потврдува и преку податоците добиени од анализата за број на вработени лица во Република Македонија за период 2013-2017 година.
Од извршената анализа за состојбата од аспект на активните претпријатија во Република Македонија по големина, по сектори и според бројот на вработените, како и анализа на активните претпријатија и вработени лица по видот на сопственост за периодот од 2013-2017 година се констатира дека е забележлив

[29] D.Harold:" THe economics of the business firm:Seven criticl commentaries", Cambridge University Press, 1995

тренд на постојан пораст на стапката на вработеност, која во 2013 година изнесувала 40.6%, за да во вториот квартал на 2017 година се искачи на 44.1% и е највисока стапка на вработеност во анализираниот период. Во истиот период стапката на невработеност бележи постојан пад и истата во 2013 година била највисока и изнесувала 29%, а во вториот квартал од 2017 година достигна најниско ниво од 22.6%.
Главни причинители за ваквата состојба со намалувањето на невработеноста претставуваат активните политики на Владата на Република Македонија во анализираниот период, а тоа пред се е привлекувањето на странските инвестиции и отварањето на работни места, но секако и методолошкиот пристап на Државниот завод за статистика, кој што како вработени ги смета и лицата кои во извештајната недела работеле најмалку еден час, потоа бришењето од листата на невработени за корисниците на субвенции, кои согласно законските измени се обврзани да платат и придонеси. Воедно, дел од експртите го посочуваат и иселувањето на младите како една од причините за намалување на невработеноста во Република Македонија.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Adams, R., Bessant, J., Phelps, R. Innovation management measurement: A review, International Journal of Management Reviews, 8 (1), str. 21-47, 2005.
[2] [1]Закон за трговски друштва, Службен весник на Р.М. бр. 28/04.
[3] [1] Beaver, G. "Strategy and management in the smaller enterprise", Strategic Change, Vol. 11 (4), p.175-181, 2002.
[4] [1] Ghobadian, A., O"Regan, N. "The impact of ownership on small firm behaviour and performance", International Small Business Journal, Vol. 24 (6), p .555-586, 2006.
[5] Томаш Р., "Primijenjena мikroekonomija", Економски факултет- Бања Лука, 2010.
[6] D.Harold:" THe economics of the business firm:Seven criticl commentaries", Cambridge University Press, 1995
[7] [1] Види пошироко: група автори, "Малите претпријатија во развојот на стопанството на Република Македонија", Економски институт - Скопје, 2002.
www.stat.gov.mk